57555

1962,14, ДНЕВНИК, ПОНЕДЕЛНИК, 16 ЈАНУАРИ 2006

БЕЗБЕДНОСТА НА МУЗЕИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

# Заштита во музеите има, но треба да се надградува

## Еден од најславните грабежи кај нас, што има статус на урбан мит, е кражбата на сликата од Пабло Пикасо, од Музејот на современата уметност во Скопје, во 70-тите години

ВЕСНА ИВАНОВСКА

Само неколку музеи во земјава може да се пофалат дека богатствата што ги чуваат се осигурани со модерни безбедносни системи. Прашањето за безбедноста кај нас е начнато по кражбата на четири уметнички слики од Музејот во Нови Сад, пред неколку дена. Музејот воопшто не бил обезбеден со алармни уреди. Според неколкумина директори на наши музеи, заштита има, но состојбата секогаш може да биде подобра.

Еден од најславните грабежи кај нас, што има статус на урбан мит, е кражбата на сликата од Пабло Пикасо, од Музејот на современата уметност во Скопје, во 70-тите години. Човекот го сторил тоа едноставно: влегол во музејот и додека чуварот бил во друга изложбена сала, ја извадил сликата од рамката и ја фрлил низ прозорецот. Слободно излегол од музејот и ја зел сликата. Делото било пронајдено во следната година во Германија и било вратено во Скопје.

МСУ денес го обезбедуваат вооружени чувари на објектот и чувари на салите, поставени се камери и електронска заштита со сензорски уреди што се вклучени во текот на целото деноноќие, објаснува Емил Алексиев, директор на институцијата.



Делата засега добро заштитени: Музеј на современата уметност

- Иако имаме добар систем, тој никогаш не е совршен и треба да се надградува. Но засега е доволен, со оглед на тоа што, за жал, во Музејот нема постојана поставка. Во текот на годинава треба да се санира објектот, а потоа ќе ја изложиме постојаната поставка. Тогаш дефинитивно ќе треба да го надградиме безбедносниот систем - вели Алексиев.

Електронските уреди во МСУ се поврзани со Полициската станица на Бит-пазар. Откако ќе се вклучат алармите, службите реагираат за 3 до 5 минути. Депоата во кои се сместени повеќе од 5.000 уметнички дела имаат дебели ѕидови, блиндирана врата и таму тешко може да се влезе.

- За тоа би требало многу голем напор. Но, кога може да упаднат во системите на трезорите во банките, претпоставувам дека тешко може да се спречи кражба во музеј. Сепак, овие уреди даваат некаква гаранција, иако секој изложен експонат би требало со посебен уред да биде поврзан со безбедносниот систем. Тоа се, пред сè, скапи системи - вели Алексиев.

Според него, ризични ситуации има кога делото е изложено во трајна поставка. Највредните експонати најчесто се изложени во витрини, кои реагираат на допир. Но, смета Алексиев, украдените вредни дела кога тогаш мора да се појават на пазарот и Интерпол релативно лесно ги открива.

- Делото е нарачано. И по неколку години ќе се појави некаде, барем во приватна колекција - вели Алексиев.

Во Заводот за заштита на споменициите на културата и музеј во Штип во минатиот месец беше отворена новата постојана археолошка поставка. Музејот деноноќно го обезбедуваат чувари, а поставен е и мониторинг-систем со инфрацрвени зраци.

- Системот е предвиден за осум ротациски камери, а засега имаме четири. Витрините се направени според светските стандарди, со стакло дебело десет милиметри. Побезбедно би било кога на секоја витрина би бил поставен посебен алармен уред, но засега нема такви можности - вели директорот на Заводот и музеј, Ристо Петковски.

На прашањето дали некогаш се случила кражба во Музејот, тој ни раскажа дека во 1985 година биле украдени неколку монети токму од Музејот од Нови Сад, кои биле изложени во Штипскиот музеј. Штипјани во својата поставка имале повеќе монети од тој вид, па од нив им вратиле на колегите од Нови Сад. Украдените монети не биле пронајдени.

Битолскиот Завод и музеј, иако е еден од поголемите во земјава, нема електронска заштита. Засега го обезбедуваат само чувари.

- Деноноќно има чувари. Музејот има само еден влез, а прозорците се затворени со решетки. Но електронска заштита мора да се постави. Веќе поднесовме проект во Министерството за култура, за да поставиме систем за набљудување - вели Валентин Соклевски, директор на Заводот и музеј. ■